# Барање на информации од јавен карактер

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

| | | | |
|---|---|---|---|
| Примено: 29.09.2022 | | | |
| Организ. | | | Прилог |
| 09 | 1239/1 | | |

From: [redacted]

To: igorzab1@yahoo.com; opstinademirhisar@yahoo.com

Date: Thursday, September 29, 2022 at 11:24 AM GMT+2

Почитувани,

Националниот младински совет на Македонија заедно со Фондација за развој на локалната заедница го спроведуваат проектот “Заедници инклузивни за млади“, главната цел на проектот е подобрување на локалното владеење преку зголемена инклузивност и социјално влијание на младите граѓани во локалниот демократски живот.

Наредниот период ќе се прави мониторинг по сите Општини за вклученоста на младите и колку општините го спроведуваат законот за младинско учество и младински политики и потоа ќе биде подготвен извештај.

За таа цел очекуваме одговор од Ваша страна на следните прашања:
-Дали е формиран Локален младински совет во општината? Доколку да, колку членови брои советот? Доколку да, споделете ја одлуката за формирањето.
-Дали има(ло) повик за членови? Во прилог споделете го повикот и линк до објавата на повикот.
-Доколку е формиран локален младински совет, наведете листа од членовите и наведете од каква форма на младинско организирање доаѓаат членовите на советот? (младински органзиации, организации за млади, студентски организации, политички подмладок итн.)

За дополнителни прашања и информации Ви стоиме на располагање.

Со почит,

[redacted]

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] на 29.09.2022 година, имателот на информацијата Општина Демир Хисар го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted], по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска локалниот младински совет во Општина Демир Хисар, се уважува.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted], имателот на информацијата Општина Демир Хисар, Ви ја доставува информацијата во врска со локалниот младински совет во Општина Демир Хисар.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер, заведена во архивата на Општина Демир Хисар на 29.09.2022 година под архивски број 09-1239/1, која е во согласност со член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Демир Хисар на 30.09.2022 година, под бр. 09-1239/2.

По овластување на Градоначалникот на
Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации од
јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение за
управување со човечки ресурси

-ИНФОРМАЦИЈА-

-Дали е формиран Локален младински совет во општината? Доколку да, колку членови брои советот? Доколку да, споделете ја одлуката за формирањето.

**1. Постапката за формирање е во тек.**

-Дали има(ло) повик за членови? Во прилог споделете го повикот и линк до објавата на повикот.

**1. Во 2021 година Општина Демир Хисар објави јавен повик за формирање на иницијативен одбро за формирање на локално собрание на млани, но за жал не наиде на интерес кај младите.**

**http://www.demirhisar.gov.mk/soopstenija/1895-2021-07-19-12-26-58.html**

**2. Во 2022 година Општина Демир Хисар повторно објави јавен повик за формирање на иницијативен одбро за формирање на локално собрание на млади и како резултат на повикот, се формира иницијативен одбор на локалното собрание на млади.**

**http://www.demirhisar.gov.mk/images/stories/002022/Sbranie_Mladi/Javen%20povikjpg_Page1.jpg**

(Во прилог Ви доставуваме и Решение за избор на членови на иницијативен одбор за формирање на Локално собрание на млади на Општина Демир Хисар).

-Доколку е формиран локален младински совет, наведете листа од членовите и наведете од каква форма на младинско организирање доаѓаат членовите на советот? (младински организации, организации за млади, студентски организации, политички подмладок итн.)

**1. Постапката за формирање е во тек.**

По овластување на Градоначалникот на
Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации
од јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение за
управување со човечки ресурси